АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Февруари 2025** **Бр.2**

## Одбележување на 13 февруари – Светскиот ден на радиото

Под покровителство на УНЕСКО, на 13 февруари се одбележа Светскиот ден на радиото кое оваа година се одржа под мотото „Радиото и климатските промени“. Целта на одбележувањето беше да се зголеми свеста на јавноста и медиумите за значењето на радиото, да се поттикнат носителите на одлуки да воспостават и да обезбедат пристап до информации преку радиото, како и да се зајакне вмрежувањето и меѓународната соработка меѓу радиодифузерите.

Во таа насока, Агенцијата ги извести сите радија во земјава дека УНЕСКО нуди можност за размена на искуства, материјали и идеи со радио станици од други земји, како и бесплатни корисни ресурси меѓу кои аудио и визуелни спотови на тема „Радиото и климатските промени“, материјали поврзани со развојот на медиумите, медиумската и информациската писменост и безбедноста на новинарите; Водич за информирање за климатските промени и создавање приход и др.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на сите радиостаници во земјава им го честиташе Светскиот ден на радиото и ги повика да дадат сопствен придонес во неговото одбележување.

## Надзори врз радиодифузери, оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и печатени медиуми

### Радиодифузери

Агенцијата спроведе редовен административен и програмски надзор врз радио програмите на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МРА 1, МРА 2 и МРА 3 за обврските за објава на импресум, информации кои треба да се направат достапни до корисниците, идентификација на радиодифузерот, правилата за емитување аудио комерцијални комуникации, обврските при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа, употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите, дневно емитување најмалку 18 часа програма на радио и најмалку 50% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално – инструментална музика изворно создадена во Република Македонија да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство (МРА 2 да обезбеди најмалку 30% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика изворно создадена во Република Македонија да биде на македонски јазик).

Откако помина рокот за законско усогласување со мерките јавна опомена, извршени се контролни програмски надзори за различни законски обврски врз ТВ Дуе, ТВ Протел, ТВ Спектра и ТВ Стар. При надзорот беше констатирано дека ТВ Дуе на програмата емитувана на 27 јануари, пред емитувањето на повеќе програми од прва, втора и четврта категорија беше употребена неправилна предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица, и нема емитувано најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. Останатите телевизии постапиле по претходно изречените мерки.

### Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Агенцијата изврши редовен програмски надзор врз операторите КДС-Кабел Нет, Датаком ЈВ, Скрембел, Дрим Сат ИПТВ, Нафи и Беко, Винсат Кабел и Кабел-Нет за почитувањето на обврските за регистрација на програмски сервиси, титлување на програмските сервиси кои ги реемитуваат и за обврската во програмскиот пакет којшто го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис. При надзорот не се констатирани прекршувања на одредбите од ЗААВМУ.



# NEWSLETTER

## Печатени медиуми

Врз издавачите на печатени медиуми ЕПРО ПРИНТ издавач на „Нова Македонија, СЛОБОДЕН ПЕЧАТ издавач на „Слободен печат“, ВЕЧЕР ПРЕС издавач на „Вечер“, КОХА ПРОДУЦТИОН издавач на „Коха“, КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП издавач на „Капитал“, МЕДИА ПЛУС ФОКУС издавач на „Фокус“, ЈЕНИ БАЛКАН издавач на „Бахче“, АТВ МЕДИА КОМПАНИ издавач на „Лајм, ЕУРО-МАК КОМПАНИ издавач на „Економија и бизнис“, АНТИЌ МЕДИА издавач на „Портрет“, КОЛОР МЕДИА ПЛУС издавач на „Убавина и здравје“, БИРО ПРЕС издавач на „Порта 3“, ЕМИТЕР издавач на „Емитер“, НАРОДЕН ЛЕКАР издавач на „Народен лекар“, МЕДИУМ БОЈА 43 издавач на „Штипски глас“, ВИЗИОНИ М издавач на „Шења“, ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС издавач на „Зенит“, ПАБЛИК издавач на „Лице в лице“ и КЛИКЕР МАРКЕТИНГ издавач на „InStore“, Агенцијата спроведе редовен административен надзор за обврските за објава на импресум, податоци за седиште, печатница, датум на печатење или препечатување и број на печатени примероци, обврски од Законот за медиуми. Надзорот покажа дека печатените медиуми во целост ја исполниле законската обврска.

Агенцијата спроведе контролен административен надзор врз Колор медија плус, издавач на печатениот медиум „The Economist“, за да утврди дали постапил по Решението за преземање мерка јавна опомена, упатена заради не објавување назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците, адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци. Со надзорот беше констатирано дека печатениот медиум во целост постапил по решението за преземање мерка.

## Изречени мерки јавна опомена

Советот на Агенцијата на 8-та седница одржана на 24 февруари, поради непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми изрече мерки јавна опомена на ТВ Њуз и ТВ ДУЕ.
На телевизијата ЊУЗ мерка јавна опомена и беше изречена поради тоа што не обезбеди информации коишто треба да им се направат достапни на корисниците и заради необјавување податоци за импресум, додека на телевизијата ДУЕ мерка јавна опомена и е изречена поради неправилна предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица, како и за непочитување на законската обврска за емитување најмалку 30% македонски аудиовизуелни дела.

На 7-та седница одржана на 19 февруари, Советот на Агенцијата поради необезбедени информации коишто треба да им се направат достапни на корисниците, на третиот телевизиски програмски канал на Јавниот сервис – МРТ 3 му изрече мерка јавна опомена.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-028/2018